# Бебето се движи

# 9 - 18 месеци

Macedonian

safe kids now

May 2004

## Бебето учи

Бебето ќе стане многу подвижно и ќе почне да оди. Тоа ќе стане и многу љубопитно, ќе сака да ги отвора ормарите, да ги вклучува и исклучува прекинувачите и да ги бара работите за кои знае дека се скриени. На оваа возраст бебето ќе сака се да "испроба" со ставање во устата.

## Чести причини за загриженост

- Задавување со храна.
- Паѓање од висока столица, од количката за пазарување или детската количка и паѓање по скалите.
- Изгореници од пуштање на славината со жешка вода во бањата и лизгање.
- Буткање на тенџериња со жешка храна од шпоретот и истурање врз себе.
- Допир со опасни отрови, лекови и детергенти за чистење во домот кои порано биле кренати.
- Изгореници од греалки и огништа несоодветно заштитени.
- Удар од возило пред куќата.

## Капење

- Инсталирајте систем за топла вода со регулација на температурата. Температурата на водата во бањата не треба да биде повеќе од 50°C. Побарајте совет од водоводџија кој е член на Master Plumbers Association.
- Кога ја полните кадата, пуштете ја прво ладната вода, потоа топлата, потоа повторно топлата и на крај измешајте ги до бараната температура.
- Не го ставајте детето во кадата додека водата тече.
- Секогаш проверете ја температурата на водата пред да го ставите детето. Таа не би требало да биде повеќе од 38° C.
- Бидете секогаш покрај детето додека се капе. Ако треба да излезете од бањата ако ѕвони телефонот или некој ѕвони на вратата земете го детето со вас.



## Хранење

- Секогаш врзете го бебето кога е во висока столица – по можност со појаси со 5 точки.
- Иситнете ја или сварете ја цврстата храна, зашто ситната цврста храна може да го задави бебето.
- Секогаш набљудувајте го детето додека јаде.
- Никогаш не го подигајте или држите детето додека држите жежок пијалок. Истурањето врз детето може сериозно да го изгори.




## Спиење

- Облекувајте го бебето во облека што не се запалува. Проверете ја етикетата особено кога купувате пиџами.
- Отстранете било какви предмети во околината на креветчето по кои детето може да излезе од креветчето.
- Тргнете го лигавчето и сите врвци пред да го ставите бебето да спие. Тие може да го задават.




## Играње

∞ Никогаш не оставајте детето да игра со кучето без надзор, особено во времето кога кучето треба да се храни.

## Во дворот

- Избегнувајте директна изложеност на сонце помеѓу 11.00 и 15.00 часот кога е најризично. Користете средство за сончање и облечете го детето во лесна облека со долги ракави и капа.
- Направете простор под сенка за да игра детето оделено од базенот, патеката за колата и други опасности.
- Проверете да не има отровни растенија во градината и отстранете ги.
- Поставете мрежа преку водните површини, како фонтани, рибници.
- Заклучете ги и чувајте ги пестицидите, горивото за косилицата, бои и хербициди вон досег на децата.
- Поставете ограда околу базенот со специјална врата која сама се затвора и која одговара на австралиските стандарди. Побарајте информации во општината.
- Редовно проверувајте ја оградата и вратата на базенот и отстранете ги предметите кои се потпираат на оградата за детето да не се искачи и падне во базенот.
- Испразнете ги базените на надувување после секоја употреба и поставете ги вертикално или издишете ги.



## Надвор и около



- Користете ги појасите за детето при секое патување со автомобил.
- Никогаш не го оставајте детето само во автомобилот. Топлината може да има сериозни последици.
- Кога излегувате изнесето го детето од колата на тротоарот.
- Контролирајте го детето на игралиштето и изберете ги справите за играње кои се соодветни на возраста и големината на детето.
- Внимавајте на неоградени базени кога ги посетувате пријателите.
- Малите прсти на детето може да се заглават во количката.
- Малите деца често вадат лекови од чантите – чувајте ги чантите на другите луѓе (особено на бабите) вон дофат на детето.

## safe kids now Општи совети за сигурност

1. Закачете го упатството за спасување на оградата од базенот.
2. Појасите за детето во автомобилот треба да одговараат на неговата големина и тежина. Проверете дали седиштето е прописно поставено од страна на стручњак.
3. Оградете простор каде детето безбедно ќе си игра, под сенка и далеку од патеката на автомобилот.
4. Купете или направете ормар со заклучување каде ќе ги сместите опасните хемикалии за да не дојдат во раце на детето.
5. Проверете во општината дали оградата на базенот одговара на законските барања.
6. Донесете домашни правила за околу и во базенот.
7. Држете ги децата настрана од кучето особено кога му е време за хранење.
8. Купувајте само играчки кои се соодветни на возраста и развојот на детето.

### Повеќе информации

| | |
|---|---|
| Кај локалната медицинска сестра за мајки и деца | |
| Тел. линија на службата за здравје на мајки и деца 24 часа | 13 22 29 |
| Општината *за законските барања за оградување на базените* | Телефонскиот именик |
| Royal Life Saving Societyof Victoria CPR *курсеви за спасување и знаци на базените* | 9568 5822 |
| Littles Child Restraints *за правилно поставување на појасите во автомобилите* | 1300 728 363 |
| The Royal Children's Hospital Safety Centre *за совети за куќињата и децата* | 9345 5085 |

Victoria The Place To Be

ROYAL CHILDREN'S HOSPITAL

ROSEBANK

State Government Victoria Department of Human Services

Toddlers on the move

9 - 18 months

Kidsafe CHILD ACCIDENT PREVENTION FOUNDATION OF AUSTRALIA

Telephone (03) 9345 6471 Facsimile (03) 9345 6378
email victoria@kidsafe.org.au
Royal Children's Hospital, Flemington Road, Parkville, 3052
www.kidsafe.com.au